РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-103/2
03-08-2021

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител на продолжението на 50-тата седница одржано на ден 23.07.2021 година донесе

## О Д Л У К А

Пријавата поднесена од познат подносител – ----------------------------- од ----------, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-103/1 од 09.01.2020 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по разгледување на содржината на пријавата утврди дека нема елементи за надлежно постапување по истата.

Предметот со број 12-103/1 од 09.01.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-103/1 од 09.01.2020 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител – ----------------------------- од ---------------.

Во пријавата, подносителот наведува дека е невработен педагог со положен стручен испит за стручен соработник – педагог и бара да се провери вработувањето на стручен соработник – педагог во ООУ ---------------------------------------. Подносителот наведува дека во Агенцијата за вработување бил или сè уште е единствен педагог активен барател на работа во Општина -----------, а во училиштето со преземање вработуваат веќе вработен долги години во друго училиште и од друга општина, со преостанати уште неколку години до пензија. Поради ова тој како млад и невработен педагог останал без работа, а вработениот пак го вработуваат. Подносителот наведува дека училиштето било без педагог од месец септември па сè до неколку дена пред поднесување на пријавата, а тој не бил контактиран од Агенцијата за вработување. Исто така, подносителот бара да се провери дали вработувањето било партиско и се истакнува незадоволство во однос на тоа дека на младите лица не им се дава шанса да почнат да работат и да се реализираат професионално.

По разгледување и проучување на наводите од пријавата, ДКСК констатираше дека истата содржи општи наводи и се изразува лично незадоволство на подносителот, а не се посочуваат конкретни незаконитости во постапката за вработување кои можат да укажат на коруптивни дејствија. Оттаму, на седницата Државната комисија за спречување на

корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Претседател**
**Билјана Ивановска**